HALKBANK

РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА ОТВОРАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ НА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА И ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ПОТРОШУВАЧ - ФИЗИЧКО ЛИЦЕ РЕЗИДЕНТ / НЕРЕЗИДЕНТ

Овој Рамковен Договор за отворање, водење и затворање на платежна сметка и други платежни услуги за потрошувач - физичко лице резидент / нерезидент (во натамошниот текст: Рамковен Договор) е склучен во _____ на ден _____ година од и помеѓу

1. Халк Банка АД Скопје, во својство на давател на платежни услуги, со седиште на ул. "Водњанска" бр.1/2, 1000 Скопје, со ЕМБС 4627148 во Централен Регистар на Република Северна Македонија и ЕДБ 4030993162028, сметка 270-0000001001-85, SWIFT адреса EXPCMK22, е-пошта halkbank@halkbank.mk, интернет страна www.halkbank.mk, Орган надлежен за надзор – Народна Банка на Република Северна Македонија, шифра на дејност- 64.190 Друго монетарно посредување, Платни системи во кои учествува Банката – КИБС и МИПС, застапувана од овластени лица_____ _____ (во понатамошниот текст: Банка) и

2. _____ ул._____бр._____ со ЕМБГ_____ и број на документ за лична идентификација _____ контакт е-пошта _____ и контакт телефон _____ (во понатамошниот текст: Корисник)

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет

Член 1

Со овој Рамковен Договор се уредува идното извршување на поединечни и последователни платежни трансакции, како и правата, обврските и условите за отварање, одржување и затворање на платежна сметка. Оттаму овој Рамковен Договор се однесува на следниве платежни услуги:

1. Услуги кои овозможуваат внесување/ повлекување готовина на платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на сметката;
2. Извршување на платежни трансакции, вклучувајќи пренос на парични средства на платежна сметка во рамки на Банката и кај друг давател на платежни услуги и Извршување на платежни трансакции кај кои што паричните средства се обезбедени со кредитна линија за корисникот на платежни услуги:
   - извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди;
   - извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози.
3. Издавање платни инструменти и/или прифаќање платежни трансакции;
4. Парични дознаки.

Банката, услугите за иницирање на плаќања и давање на информации за платежни сметки ги овозможува на Корисникот преку Давателите на услуги за иницирање плаќања и Давателите на услуги за давање информации за платежни сметки.

Корисникот може да иницира извршување на еднократни платежни трансакции со платен инструмент кој е опфатен со овој Рамковен Договор, а согласно глава VIII Извршување на платежни трансакции, дел Еднократни платежни трансакции врз основа на парични дознаки од Рамковните Општи услови.

Горенаведените платежни услуги подетално се разработени во понатамошните одредби на овој Рамковен Договор.

Составен дел на овој Рамковен договор се следните документи:

1. Општи услови и претходни информации за обезбедување и користење на платежни услуги за потрошувач во Халк банка АД Скопје (во натамошниот текст: Рамковни Општи услови);
2. Барање за отворање на платежна сметка за потрошувач резидент – нерезидент;
3. Тарифа на надоместоци на услугите што ги врши Халк банка АД Скопје во делот кој се однесува за услугите за потрошувачи кои се предмет на овој Рамковен Договор (во натамошниот текст: Тарифа);
4. Термински план за прием на платни налози и Терминскиот план за прекугранични платежни трансакции за прием и извршување на платни инструменти преку електронско и/или мобилно банкарство и филијалите на Халк Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Термински план).

Со потпишувањето на овој Рамковен Договор, Корисникот потврдува дека претходно на јасен и недвосмислен начин бил информиран и запознаен со содржината на истиот и со документите предвидени со овој член, како и дека ги примил истите на хартија или друг траен медиум.

Банката на барање на Корисникот му го става на располагање Поимникот со стандардизирани термини и дефиниции за услугите поврзани со платежната сметка, на траен медиум.

Доколку Корисникот користи дебитна картичка, кредитна картичка, онлајн услуги поврзани со платежна сметка (интернет и мобилна апликација), покрај горенаведените документи, составен дел на овој Рамковен Договор се и следните документи:

- Барање за платежни услуги за потрошувачи (физички лица);
- Поединечни општи услови за дебитни платежни картички за потрошувачи (физички лица);
- Поединечни општи услови за кредитни платежни картички за потрошувачи (физички лица);
- Поединечни општи услови за онлајн користење услуги поврзани со платежна сметка (интернет и мобилна апликација) за потрошувачи (физички лица);
- Поединечни Општи услови за дигитализирани платежни картички преку различни уреди.

Со потпишување на Барање за платежни услуги за потрошувачи, Корисникот се изјаснува која конкретна платежна услуга ќе ја користи, при што потврдува дека ги примил на хартија или друг траен медиум и се согласил со соодветните Поединечни Општи услови.
По отворањето на платежната сметка, врз основа на барање на Корисникот, Банката може да му одобри и издаде кредитна платежна картичка, да му одобри дозволено пречекорување за што Банката и корисникот ќе склучат посебен договор со кој детално ќе бидат уредени правата, обврските, роковите, каматните стапки и другите услови релевантни за тој независен договорен однос.
Горенаведените документи се јавно објавени и достапни на веб страната на Банката во делот на платежни сметки на следниот линк https://www.halkbank.mk, а на барање на Корисникот во период на времетраење на договорниот однос Банката може да му достави копија од Рамковниот Договор и сите составни документи, односно информации кои му се доставени во преддоговорната фаза и тоа на хартија или друг траен медиум.
Горенаведените документи, Банката му ги дава на Корисникот во работните простории на Банката (филијалите/експозитурите) на хартија или друг траен медиум.
Овој Рамковен Договор, заедно со документите кои се негов составен дел претставуваат единствена целина, при што Корисникот кој го склучува Рамковниот Договор во периодот на предложени измени од страна на Банката, е согласен за него да важат предложените измени со денот на стапување во сила на истите.
Банката и Корисникот се согласуваат дека Банката го задржува правото да ги измени и/или дополни горенаведените документи за времето на важење на овој Рамковен Договор, без да се склучи посебен анекс на овој Рамковен Договор.
Поимите кои не се изречно дефинирани во овој Рамковен Договор го имаат значењето што им е пропишано во Законот за платежни услуги и платни системи и/или останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

ПЛАТЕЖНА СМЕТКА

Член 2

Банката го склучува овој Рамковен Договор врз основа на Барање за отворање на платежна сметка за потрошувач, поднесено од страна на Корисникот.
Платежна сметка се користи за извршување на платежни трансакции во домашна и странска валута, како и странска валута за извршување на прекугранични платежни трансакции со издавање на платни налози или со употреба на платни инструменти.
Корисникот во Банката може да отвори повеќе денарски и/или девизни платежни сметки при што за секоја платежна сметка се склучува посебен Рамковен Договор. Пред отворање на девизна платежна сметка за потрошувач - резидент, потребно е на барање од Корисникот да се отвори и денарска платежна сметка.
На Барање на потрошувач – нерезидент покрај девизна платежна сметка може да се отвори и денарска платежна сметка која е со иста идентификациска ознака.

Член 3

Врз основа на поднесеното Барање од страна на Корисникот и по комплетирање на целокупната документација за отварање на платежна сметка , Банката се обврзува да му отвори на Корисникот платежна сметка со следни карактеристики:
Вид на платежна сметка:
денарска платежна сметка со ИБАН број МК07 _____
девизна платежна сметка со ИБАН број _____
Секоја платежна сметка има свој број односно единствена идентификациска ознака на платежна сметка конструирана со користење на стандардот ИБАН. Бројот на платежната сметка како единствена идентификациска ознака, Корисникот го користи во процесот на издавање на платни налози со цел Банката да обезбеди правилно иницирање, обработка и извршување на сите платежни трансакции.
Денарската платежна сметка се води во валута мкд, а девизната платежна сметка во странски валути. На една девизна платежна сметка со единствена идентификациска ознака, може да се водат повеќе странски валути.
Прегледот на странски валути објавен на курсната листа е достапен во филијалите/експозитурите на Банката, на интернет и мобилна апликација, како и на интернет страната на Банката.
Платежната сметка станува активна во согласност со глава III Платежна сметка, дел Отворање на платежна сметка од Рамковните Општите услови.

Член 4

По поднесено Барање на Корисникот, а доколку се исполнети потребните услови, Банката може да отвори Платежна сметка со основни функции. Условите за отворање, користење и затворање на платежна сметка со основни функции е уредено во глава IV Платежна сметка со основни функции и глава XVIII Престанок на деловниот однос од Рамковните Општи услови.

Платежна сметка со основни функции е денарска платежна сметка која се користи за извршување на платежни трансакции во денари и ги опфаќа следните платежни услуги:

- Уплата и исплата на готовина на/од платежната сметка во филијалите/експозитурите на Банката, на банкомати или други слични уреди;
- Услуги за извршување на платежни трансакции со платежна картичка вклучително и преку интернет и мобилна апликација, кредитни трансфери, вклучувајќи и трајни налози преку банкарските терминали, преку филијалите/експозитурите на Банката и преку интернет и мобилна апликација.

Член 5

Страните се согласуваат Банката да врши плаќања и други услуги во врска со платежната сметка врз основа на претходно дадена согласност од страна на Корисникот, во форма на начин утврден со глава VIII Извршување на платежни трансакции, точка 1. Давање и повлекување согласност за извршување на платежни трансакции, од Рамковните Општите услови.
Повлекувањето на согласноста од страна на Корисникот се врши на начин утврден со глава VIII Извршување на платежни трансакции, точка 1. Давање и повлекување согласност за извршување на платежни трансакции, од Рамковните Општите услови.

Платни налози

Член 6

Корисникот располага со средствата на платежната сметка врз основа на иницирани платни налози за внесување, повлекување или пренос на парични средства.
Платежните услуги Банката ги извршува до износот на расположливите средства на платежната сметка, вклучително и до износот на одобреното дозволено пречекорување на денарската платежна сметка, доколку за истото е склучен соодветен посебен договор со Корисникот.
Корисникот може, заради располагање со средствата на платежната сметка писмено да овласти едно или повеќе деловно способни лица како Овластени лица за работа со платежна сметка предвидено во глава III Платежна сметка, во делот кој се однесува на Располагање со средства на платежна сметка од Рамковните Општи услови, при што овластените лица се обврзани да ги почитуваат соодветните одредби.
Корисникот се обврзува да ги запознае неговите Овластени лица за работа со платежна сметка, со содржината на овој Рамковен Договор и на документите кои се составен дел на Рамковниот Договор при што сите дејствија и активности кои ќе бидат превземени од страна на Овластените лица за работа со платежна сметка, а согласно писменото овластување, ќе се смета како да се преземени од страна на Корисникот.
Корисникот е должен да ги следи овластувањата за користење што им ги дал на Овластените лица за работа со платежна сметка и е одговорен пред Банката за секоја штета настаната како резултат на надминување и/или злоупотреба на овластување од страна на истите.

Член 7

Банката се обврзува да ги извршува платните налози од Корисникот кои ги содржат сите потребни елементи предвидени во глава VIII Извршување на платежни трансакции од Рамковните Општи услови вклучувајќи ги и прекугранични кредитни трансфери во евра во рамките на Единствената област за плаќање во евра (СЕПА), како и да го информира Корисникот за промените на платежната сметка во согласност со Рамковните Општи услови и важечките прописи.
Банката ја задолжува платежната сметка на Корисникот по приемот на платниот налог поднесен од негова страна во време определено во Терминскиот план на Банката и максимален рок за извршување согласно глава VIII Извршување на платежни трансакции во Рамковните Општи услови.
Извршувањето на прекугранични платежни трансакции се спроведува во согласност со глава VIII Извршување на платежни трансакции во Рамковните Општи услови.
Банката го задржува правото да одбие извршување на платежна трансакција во согласност со глава VIII Извршување на платежни трансакции во Рамковните Општи услови.

Член 8

Корисникот може да даде Траен налог до Банката за извршување на кредитни трансфери во редовни временски интервали или во однапред утврдени датуми со поднесување на Барање за платежни услуги за потрошувачи, согласно глава VIII Извршување на платежни трансакции, точка 2. Прием на платен налог, во дел Траен налог во Рамковните Општи услови.

Член 9

Со потпишувањето на овој Рамковен Договор, Корисникот ја овластува Банката да ги корегира грешките кои можат да настанат при извршувањето на платежните трансакции со задолжување или одобрување на неговата сметка, да ја задолжува платежната сметка по основ на присилна наплата и согласно важечките прописи, обврските од овој Рамковен Договор и Рамковните Општите услови. Во случај Банката да го искористи ова овластување за корекција на грешки, таа е должна да го извести Корисникот за извршената корекција без одложување при што за известувањето Банката не наплатува надоместок.

ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Член 10

Со користење на платежната картичка, Корисникот може да иницира платежна трансакција со дебитна или кредитна платежна картичка. Истата може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги на ПОС терминали и интернет продажно место и/или за повлекување и/или внесување готовина на банкоматите како и за повлекување на готовина на шалтерите на филијалите/експозитурите на Банката,а согласно начинот и условите кои се подетално уредени во документите од член 1 од овој Рамковен договор.

Корисникот нема ограничување во поглед на користењето на расположливи платежни брендови на платни инструменти засновани на платежна картичка кои се нудат од страна на Банката. Сите расположливи платежни брендови на платни инструменти засновани на платежна картичка кои се нудат од страна на Банката со нивните карактеристики, функционалност, сигурносните карактеристики и трошоците поврзани со нив се уредени со овој Рамковен Договор, Рамковните Општи услови, Поединечните Општи услови и Тарифата на Банката.

Банката го евидентира издавањето на платежната картичка на Корисникот под соодветна единствена идентификациска ознака наведена во средишниот дел на платежната картичка.

Дебитна платежна картичка

Член 11

По отворање на платежната сметка, на барање на Корисникот, Банката ќе му издаде дебитна платежна картичка. Дебитните платежни картички се поврзани со денарската платежна сметка што Корисникот ја поседува во Банката. Банката може да издаде една основна дебитна платежна картичка или повеќе дополнителни дебитни платежни картички за кои Корисникот ќе поднесе барање за издавање, со тоа што секоја дебитна платежна картичка може да се поврзе со платежната сметка на Корисникот или со дополнителни платежни сметки отворени за таа намена.

Платежна трансакција со дебитна платежна картичка е платежна трансакција заснована на картичка, пришто за износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитната платежна картичка, веднаш се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на Корисникот.

На секоја дебитна основна и дополнителна платежна картичка при издавањето и се доделува иницијален лимит кој го ограничува трошењето на платежната картичка на дневно ниво. Корисникот на платежната картичка може во секој момент да изврши промена на лимитите со доставено Барање согласно глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции, дел Ограничување на користење на платниот инструмент од Рамковните Општи услови.

Корисникот се обврзува издадените дебитни платежни картички согласно овој Рамковен Договор да ги употребува на начин предвиден согласно Поединечните Општи услови за издавање и користење на дебитни платежни картички за физички лица.

Банката може да го блокира платниот инструмент заснован на платежна картичка заради објективно оправдани причини опишани во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции во дел Ограничување на користење на платниот инструмент од Рамковни Општи услови, за што го информира преку траен медиум, без надоместок.

Кредитна платежна картичка

Член 12

На барање на Корисникот по отворањето на платежната сметка, Банката ќе му издаде кредитна платежна картичка.

Банката одобрува и издава кредитни платежни картички на кредитоспособни физички лица со уредна кредитна историја и во согласност со меѓународните стандарди за картично работење.

Корисникот со потпишување на Барањето за платежни услуги за физички лица се согласува со условите за користење на кредитната платежна картичка и се обврзува да ја користи истата согласно глава III Услови за издавање и користење на кредитна платежна картичка во Поединечните Општи услови за издавање и за користење на кредитни платежни картички за физички лица.

Платежна трансакција со кредитна платежна картичка е платежна трансакција заснована на кредитна платежна картичка, каде што износот на трансакцијата, делумно или целосно, се задолжува од Корисникот, на однапред договорен датум во месецот, врз основа на посебен договор за кредит согласно член 1 од овој Рамковен Договор склучен меѓу Банката и Корисникот со кој се утврдува дали, со која стапка и на кој начин ќе се пресметува и наплатува камата за позајмениот износ.

Секоја кредитна основна и дополнителна платежна картичка при издавањето се ограничува во трошењето на дневно ниво. Корисникот на платежната картичка може да изврши промена и да ги ограничи лимитите со доставено Барање согласно глава III Услови за издавање и користење на кредитна платежна картичка во Поединечните Општи услови за издавање и за користење на кредитни платежни картички за физички лица.

Корисникот се обврзува издадените кредитни платежни картички согласно овој Рамковен Договор да ги употребува на начин предвиден согласно глава III Услови за издавање и користење на кредитна платежна картичка во Поединечните Општи услови за издавање и за користење на кредитни платежни картички за физички лица.

Банката може да го блокира платниот инструмент заснован на платежна картичка заради објективно оправдани причини опишани во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции во дел Ограничување на користење на платниот инструмент од Рамковни Општи услови, за што го информира преку траен медиум, без надоместок.

ОНЛАЈН КОРИСТЕЊЕ УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ПЛАТЕЖНА СМЕТКА
Член 13

Онлајн користење услуги поврзани со платежна сметка претставуваат збир на електронски сервиси кои на Корисникот по потпишано Барање за платежни услуги за потрошувачи му овозможуваат користење на услуги на Банката по електронски пат, со користење на соодветен апликативен софтвер на компјутер или мобилен уред (интернет и мобилна апликација).

Онлајн користењето на услуги поврзани со платежна сметка, се реализира преку интернет и мобилна апликација од страна на Корисникот согласно Поединечните Општи услови за онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка (интернет и мобилна апликација) - физички лица.

Корисникот дава согласност за иницирање платен налог или извршување на платежна трансакција како и за повлекување на согласноста во форма опишана во глава VIII Извршување на платежни трансакции точка 1.Давање и повлекување согласност за извршување на платежни трансакции во Рамковни Општи услови.

Трошењето при користење на интернет и мобилната аликација може да биде ограничено со поставување на лимити објаснети во глава XVI Употреба на платни инструменти и заштитни мерки, дел Ограничување на користење на платниот инструмент во Поединечни општи услови за онлајн користење услуги поврзани со платежна сметка.

УСЛУГИ ЗА ИНИЦИРАЊЕ НА ПЛАЌАЊА
Член 14

Услугата за иницирање плаќање е услуга за иницирање платен налог на барање на Корисник од негова платежна сметка која ја одржува кај Банката.

Корисникот има право да ја користи услугата на давател на услуги за иницирање на плаќања доколку платежната сметка е достапна онлајн.

Банката овозможува иницирање на плаќање преку посебен портал - Отворено Банкарство, каде што даватели на услуги за иницирање на плаќање можат да ја користат услугата исклучиво со дигитален сертификат издаден од НБРСМ врз основа на кое се идентификуваат кон Банката.

Давателите на услуги за иницирање плаќања комуницираат на сигурен начин при иницирање платен налог од платежната сметка на Корисникот, прием на повратна информација при иницирањето на платежната трансакција и сите информации за извршувањето на платежната трансакција коишто се достапни до Банката.

Корисникот кој ги користи услугите на давателот на услуги за иницирање на плаќања, дава согласност за иницирање плаќања, со засилена автентикација овозможена од интернет и мобилна апликација согласно глава VII Иницирање на плаќање и Давање информации поврзани со платежна сметка од Поединечните Општи услови за онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка (интернет и мобилна апликација) – физички лица.

ДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЛАТЕЖНИ СМЕТКИ
Член 15

Услуга за давање информации за платежните сметки е онлајн услуга за давање збирни информации за една или повеќе платежни сметки на Корисникот што се одржуваат кај Банката.

Корисникот може да ги користи услугите за давање информации за платежните сметки само доколку платежната сметка е достапна онлајн.

Банката овозможува давање на информации поврзани со платежна сметка преку посебен портал - Отворено Банкарство, каде што даватели на услуги за давање информации за платежна сметка можат да ја користат услугата, исклучиво со дигитален сертификат издаден од НБРСМ, врз основа на кое се идентификуваат кон Банката.

Давателите на услуги за давање информации за платежните сметки комуницираат на сигурен начин кога бараат и примаат информации за една или повеќе назначени платежни сметки и платежните трансакции поврзани со нив.

Корисникот кој ги користи услугите на давателот на услуги за давање на инфорации за платежни сметки, дава согласност со засилена автентикација преку интернет и мобилна апликација согласно глава VII Иницирање на плаќање и Давање информации поврзани со платежна сметка од Поединечните Општи услови за онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка (интернет и мобилна апликација) - физички лица.

ДРУГИ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

Дозволено пречекорување на платежна сметка

Член 16

Банката врз основа на склучен договор за кредит согласно член 1 од овој Рамковен Договор, му става на располагање на Корисникот износ на парични средства што го надминува тековното салдо на парични средства на платежната сметка, кои Корисникот може да ги користи за извршување на платежни трансакции.
Пречекорувањето на тековното салдо на сопствените парични средства на платежната сметка на Корисникот или надминувањето на износот на дозволеното пречекорување согласно договорот за кредит член 1 од овој Рамковен Договор, претставува премолчено прифаќање на пречекорување на тековното салдо на платежната сметка на Корисникот.
На платежната сметка со основни функции не е дозволено одобрување на дозволено пречекорување.

Пакети (Сетови) на платежни услуги

Член 17

Банката му овозможува на Корисникот користење на определени Пакети (сетови) на платежни услуги на начин и под услови определени со глава VI Пакети (Сетови) на платежни услуги од Рамковните Општи услови за што Корисникот поднесува Барање за платежни услуги за потрошувачи.

Спроведување на услуга за Преносливост на платежна сметка

Член 18

Банката како давател на платежни услуги што го прима пренесувањето или давател на платежни услуги што го врши пренесувањето му овозможува на Корисникот спроведување на услуга за Преносливост на платежна сметка од еден на друг давател на платежни услуги согласно глава XVII Спроведување на услуга за преносливост од Рамковните Општи услови, а врз основа на дадено овластување од страна на Корисникот.

Неактивни сметки

Член 19

Банката ја прогласува платежната сметка на Корисникот за неактивна сметка доколку непрекинато во период од најмалку 24 месеци не се извршени одливни платежни трансакции авторизирани од Корисникот или приливни платежни трансакции, со исклучок на пресметката и плаќање/наплата на камата, и/или кои било други платежни трансакции коишто се извршени во корист на Банката или во врска со која Банката немала со Корисникот или лицата што се овластени за работење со платежната сметка или неговиот законски застапник документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација. Начинот и условите на утврдување на статус на неактивни (платежни) сметки е уредено согласно глава V Неактивни сметки од Рамковните Општи услови.

НАДОМЕСТОЦИ, КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Член 20

За платежните услуги кои Банката му ги обезбедува на Корисникот, Банката пресметува и наплаќа надоместоци, трошоци, провизии и каматни стапки под услови, во рокови и на начин утврден во Тарифата на Банката и Рамковните Општи услови на Банката.
При конверзии на валути, Банката применува девизни курсеви согласно глава XI Курс од Рамковните Општи услови.

Банката на Корисникот на платежната сметка му пресметува и плаќа камата на денарска платежна сметка, по истекот на месецот или при затворање на платежната сметка според фиксна камата стапка која на денот на склучување на овој Рамковен Договор изнесува 0% годишно.
Промената во висината на каматната стапка или девизниот курс кои се поповолни за Корисникот може да се применат без претходно известување.

КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ СТРАНИТЕ НА ДОГОВОРОТ
Член 21

Страните се согласи комуникацијата помеѓу нив да се одвива преку веб порталот "MOJA СМЕТКА" за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги и податоците за контакт наведени во овој Рамковен Договор на следниот линк МОЈА СМЕТКА - ХАЛКБАНКА АД СКОПЈЕ, односно последно познатите/ажурирани податоци за контакт на Корисникот кои Банката ги има во својата евиденција, преку сите расположливи канали и согласно начинот и условите кои се подетално уредени во глава XII Информирање на Корисникот на платежни услуги, начин и средства за комуникација од Рамковните Општи услови.
Страните се согласни комуникацијата во текот на договорниот однос да се извршува на македонски јазик.

ЗАШТИТНИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ
Член 22

При користење на платежната сметка, платежните инструменти и онлајн користење на услуги поврзани со платежната сметка, Корисникот се обврзува да ги применува заштитните и корективните мерки согласно начинот и условите кои се подетално уредени во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции од Рамковните Општи услови.

Во случај на неавторизирана, неправилно извршена или задоцнето извршена платежна трансакција, иницирана од страна на Корисникот, Банката постапува на соодветен начин опишан во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции од Рамковните Општи услови.

Одговорност на Банката за неавторизирани платежни трансакции, неправилно извршување или задоцнето извршување на платежни трансакции, иницирани од страна на Корисникот е опишано во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции од Рамковните Општи услови.

За неизвршени или неправилно извршени платежни трансакции Банката е должна по добиеното известување да изврши повраток на износот на таквата платежна трансакција опишано во глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции од Рамковните Општи услови.

Корисникот може да биде одговорен за надоместување на загубите произлезени од извршени неавторизирани платежни трансакции, и истиот може да биде ослободен согласно глава IX Заштитни и други мерки во врска со извршување на трансакции од Рамковните Општи услови.

ВАЖЕЊЕ, ИЗМЕНИ И РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

Време на важење на овој Договор
Член 23

Овој Рамковен Договор е склучен на неопределено време.
Овој Рамковен Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Измени на овој Договор
Член 24

За секоја измена на документите од член 1 на овој Рамковен Договор, Банката му доставува на Корисникот предлог на тие измени најдоцна 2 (два) месеци пред предложениот ден на почеток на нивна примена, преку објавување на истите на веб страната на Банката на следниот линк https://www.halkbank.mk и на веб порталот "MOJA СМЕТКА". Начинот на измена, како и начинот на нивно раскинување, се подетално уредени во глава XVI Измени и дополнувања на рамковниот договор во Рамковните Општи услови.

Услови за престанување на важноста на Рамковниот Договор и поединечните платежни услуги
Член 25

Затворање на платежната сметка може да се изврши од страна на Корисникот или од страна на Банката под условите предвидени во глава XVIII Престанок на деловниот однос од Рамковните Општи услови.
Поединечните платежни услуги може да престанат да се користат по претходно поднесено Барање од страна на Корисникот.
Раскинувањето на Рамковниот Договор и затворањето на платежната сметка е без надоместок за корисникот на платежни услуги.

ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, БАНКАРСКА И ДЕЛОВНА ТАЈНА

Обработка на лични податоци
Член 26

Банката за целите на спроведување на предметот и одредбите на овој договор, ги обработува личните податоци на Корисникот согласно Законот за платежни услуги и платни системи, а во корелација со Законот за заштита на личните податоци и другите релеватни закони и во текот на траењето на Договорот му дава информации за обработката на неговите лични податоци.

Со потпишувањето на овој договор, Корисникот, се согласува со обработката на неговите лични податоци од страна на Банката за целите на овој договор и одредбите предвидени во Општите услови, како и Политиката за приватност кои се објавени на веб страната на Халк Банка АД Скопје и потврдува дека за истото се запознаени и согласни и неговите овластени лица за работа со платежната сметка.

Корисникот со склучување на овој Рамковен Договор изјавува дека јасно и недвосмислено е информиран дека неговите лични податоци Банката ги собира и обработува за целите на спроведување на одредбите на Рамковниот Договор, согласно Законот за платежни услуги и платни системи, а во корелација со Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти и применливите интерни акти на Банката согласно закон. Информациите за обработката на личните податоци на Корисникот, како и на неговите законски застапници и неговите овластени лица за работа со платежната сметка од страна на Банката и платежните системи во кои учествува Банката за целите на овој Рамковен Договор се дадени во Рамковните Општи услови.
Со склучувањето на овој Рамковен Договор, при исполнување на обврските од договорот, Банката може да ги открие личните податоци на застапникот/ците по закон на Корисникот, на матичната банка во Р.Турција, на различни даватели и добавувачи на услуги на Банката на начин и согласно прописите за заштита на личните податоци, односно на обработувачи кои обезбедуваат доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки на таков начин на кој обработката на личните податоци од нивна страна ќе се одвива во согласност со барањата од Законот за заштита на личните податоци и ќе обезбедуваат заштита на правата на Корисникот, неговиот/те застапник/ци по закон и овластените лица согласно Законот за платежни услуги и платни системи и другите релевантни прописи.
Во согласност со наведеното, Корисникот, неговиот/те законски застапник/ци, слободно и изречно ја изјавува/ат својата волја и прифаќа/ат, односно ја овластува/ат Банката:

- да ги открие неговите/нивните лични податоци, вклучувајќи го и бројот на платежна сметка во Банката на трети лица, со цел вршење на плаќања кон трети лица, како и плаќања преку преку системот на интернет банкарство/мобилна апликација на Банката, како и при вршење СЕПА и SWIFT трансакции;
- да ги користи неговите/нивните лични податоци за целите согласно договорот и да може податоците да ги открива на трети лица во согласност со применливите закони;
- да ги користи неговите/нивните лични податоци и истите да ги открива на трети лица со кои Банката има склучено договор, при вршење ревизии, за цел информирање/потсетување на Корисникот за потребата од ажурирање на нивните лични податоци согласно закон, а преку различни канали за комуникација (на пример: телефон, пошта, електронска пошта или друго средство за комуникација на далечина).

Банката пристапува до личните податоци и ги обработува во согласност со конкретната цел, при што во зависност од целта ги чува во рокови согласно прописите за платежните услуги и платни системи, како и прописите за банките, спречувањето перење на пари и финансирање тероризам и други законски прописи, во кои се предвидени одредби за условите кои ја одредуваат законитоста на обработката на личните податоци и рокот на чување, а со цел да се исполни целта утврдена со тој/тие закон/и.

Ажурирање на податоците
Член 27

Согласно Глава XV Ажурирање на лични податоци од Рамковните Општи услови, Корисникот во случај на промена на неговите лични податоци, е должен да ги ажурира на начин и во рокови предвидени во Рамковните Општи услови. Корисникот се обврзува за сите промени во неговите податоци, адресните и контакт податоци, како и промена на податоците на неговите застапници и/или неговите овластени лица за работа со платежната сметка, како и сите други податоци кои Корисникот ги доставил при склучувањето на овој Рамковен Договор и/или во Барањето за користење на платежната услуга, писмено да ја извести Банката веднаш, но не подоцна од седум дена од денот на настанувањето на промените, а на барање на Банката да достави и дополнителна потребна документација согласно интерните процедури и актите на Банката.
Банката и Корисникот се согласни доколку дојде до промена на податоците кои Корисникот ги доставил при склучувањето на овој Рамковен Договор или дојде до промена на последните контакт податоци кои Корисникот ги доставил на Банката, а за промената не ја известил Банката во рокот предвиден во овој член, секое известување поврзано со реализацијата на Договорот од Банката до Корисникот ќе се смета за уредно доставено.

Корисникот презема целосна одговорност за било какви финансиски и други последици и евентуалната штета која може да настане како резултат на непочитување на обврските за известување за настанати промени, како и за непочитување на обврските за ажурирање на податоците согласно овој член, при што Банката нема да сноси никаква одговорност.

Чување податоци за платежните услуги и за корисникот
Член 28

Банката ја чува документацијата врз основа на која се отвора и затвора платежната сметка на Корисникот, податоците што овозможуваат следење на извршените платежни трансакции и користењето на платните инструменти, како и документацијата врз основа на која се евидентирани промените на платежните сметки десет години по истекот на календарската година во која е затворена платежната сметка, се извршени трансакциите или се евидентирани промените на платежните сметки.

По исклучок на ставот (1) на овој член, Банката ја чува документацијата поврзана со платежните сметки и во различни рокови кои се утврдени согласно закон во кој се предвидени одредби за условите кои ја одредуваат законитоста на обработката, и рокот на чување, а со цел да се исполни целта утврдена со тој закон.

Банкарска и деловна тајна
Член 29

Документите, податоците и/или информациите стекнати при вршењето на платежните услуги поврзани со платежните сметки и/или со платежните трансакции во врска со овој Рамковен Договор претставуваат банкарска, односно деловна тајна согласно закон и Банката е должна да ги чува во тајност и со нив да постапува во согласност со одредбите од Законот за банките, Законот за платежни услуги и платни системи и други закони и прописи кои се применуваат на работењето на Банката.

Заради заштита на своите интереси, Корисникот е должен како строго доверливи да ги заштити и чува сите податоци поврзани со работењето со неговата платежна сметка во Банката и услугите поврзани со истата што му ги обезбедува Банката.

Банката не одговара за било каква штета која може да настане за Корисникот како резултат на непочитувањето на обврските на Корисникот за чување на тајност.

Корисникот, неговите законски застапници и неговите Овластени лица за работа со платежна сметка, со склучувањето на овој Рамковен Договор, слободно и изречно, ја изјавуваат својата волја и даваат согласност на Банката да ги користи податоците кои се сметаат за банкарска односно деловна тајна, како и сите документи, податоци и информации кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности односно кои претставуваат банкарска тајна и да ги открива истите на трети лица, со цел ажурирање на наплата, како и да ги открива истите на други трети лица во согласност со применливите закони.

Банката е должна податоците што претставуваат банкарска тајна да ги чува, и може да ги користи исклучиво за целите за кои се добиени и не смее да ги открие на трети лица, освен во случаите дозволени со применливите позитивни прописи.

ПРАВНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИКОТ

Правна заштита на Корисникот
Член 30

Во случај на повреда на правата на корисникот и во случај на непочитување на одредбите од овој Рамковен Договор, Корисникот има право на правна заштита на неговите права, како што се:

1. Приговор до Банка
   Корисникот има право да поднесе приговор до Банката согласно глава XIII Право на приговор од Рамковните Општи услови и информациите за оваа постапка достапни на веб страната на Банката. Банката ќе одговори на приговорот на начин кој е спогодбено утврден за комуникација во рок од 15 работни дена од денот на приемот на приговорот, односно, по исклучок, ако не може тоа да го стори поради оправдани причини надвор од нејзина контрола, најдоцна во рок од 35 работни дена од денот на приемот на приговорот.
2. Поплака до Народната Банка
   Доколку Корисникот не е задоволен со добиениот одговор по поднесениот приговор, до Банката или други заинтересирани страни или одговорот не му е доставен во пропишаниот рок, корисникот има право да поднесе поплака до Народна банка на Република Северна Македонија, како орган надлежен за вршење на надзор на Банката, согласно Законот за платежни услуги и платни системи. Поднесувањето на поплаката до Народна банка не го исклучува или ограничува правото на Корисникот или друга заинтересирана страна да поведат судски спор, заради заштита на своите интереси; или
3. Вонсудска постапка за решавање на спорови
   Корисникот има можност и за поведување на вонсудска постапка за решавање на спорови поврзани со правата и обврските кои за него произлегуваат од законот. Одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи во однос на вонсудската постапка за решавање на споровите а врз основа на член 131 од Законот ќе се применуваат од 01.01.2027 година.

Поднесувањето поплака до Народна банка на Република Северна Македонија или поднесувањето на барањето за вонсудска постапка за решавање на споровите и исходот на таквата постапка, не го исклучува или ограничува правото на Корисникот да покрене судска постапка против Банката пред надлежен суд.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежно право и решавање на спорови
Член 31

За се што не е регулирано со овој Рамковен Договор, важи Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за девизно работење и останатата законска и подзаконска регулатива и интерните акти на Банката.
Во случај на спор по овој Рамковен Договор, Договорните страни се согласни да е надлежен Судот во Скопје.

Член 32

Овој Рамковен Договор е составен на македонски јазик во 2 (два) истоветни примероци, од кои по 1(еден) примерок за секоја страна.
Корисникот нерезидент Рамковниот Договор го потпишува и на англиски јазик, при што во случај на различно толкување на одредбите ќе преовладува верзијата на Рамковниот Договор на македонски јазик.

Договорни страни

За Банката (овластено лице)	За Корисникот
Име и Презиме	**Име и Презиме**
Потпис	**Потпис**

Тарифа за надоместоци на услуги на Халкбанк АД Скопје за Физички лица

II.Плаќања во земјата		
Г. Отворање, одржување и затворање на платежните сметки за физички лица		
Број на тарифна ставка	**Вид на услуги**	**Висина на тарифна ставка**
1	**Отворање и затворање на платежни сметки**	
	Редовно и итно отворање на платежна сметка	Без надоместок
	Затворање на платежна сметка / раскинување на рамковен договор	Без надоместок
	Затворање на платежна сметка / раскинување на рамковен договор (за периодот пократок од 6 месеци)	Без надоместок
1.1	Онлајн отворање платежна сметка	Без надоместок
2	**Месечно одржување на платежна сметка**	
	редовни корисници со промет во текот на месецот	40 денари
	редовни корисници без промет во текот на месецот	Без надоместок
	малолетни лица	Без надоместок
	неактивна сметка	Без надоместок
3	**Изготвување и издавање извод**	
	Изготвување и издавање извод на шалтер	Без надоместок
	Повторно издавање на извод (препис)	Без надоместок
4	**Останати работи во платниот промет**	
	Прием и обработка на правосилно решение, налог за присилна наплата или решение од др.органи овластени со закон	1000 денари
	Пресметка на преостанат долг по решение	350 денари
	Блокада и деблокада на сметка по решение	500 денари
	Издавање на копија од следните документи: - правосилно решение - налог за присилна наплата - решение од др.органи овластени со закон - документ од досие на клиент - копија од налог за плаќање	350 денари

	- други копии од документи кои се издаваат на корисникот во врска со продукти/услуги кои ги користи во Банката	
	Изработка на каматни листи	100 денари за секој период на пресметка (во цената е пресметан 18% ДДВ)
	Изработка на периодичен извештај за движење на сметка до УЈП	Без надоместок
	Изработка на други извештаи поврзани со работењето на сметката на клиентот	500 денари по извештај
	Одложување на решение по барање на извршител	200 денари
4.1.	За корисници на социјални права (со прилог важечка документација од надлежен орган)	
	Прием и обработка на правосилно решение, налог за присилна наплата или решение од др.органи овластени со закон	Без надоместок
	Блокада и деблокада на сметка по решение	Без надоместок
	Одложување на решение по барање на извршител	Без надоместок
5	**Доставување податоци за платежни сметки за корисници на Банката по барање на извршители и нотари**	
	- примено барање	200 денари (во цената е пресметан 18% ДДВ)
	- за секој доставен податок за платежна сметка од примената барање изготвен во хартиена форма се доплаќа	10 денари по платежна сметка (во цената е пресметан 18% ДДВ)
	- за секој доставен податок за платежна сметка на е-маил од примената барање се доплаќа	1 денар по платежна сметка (во цената е пресметан 18% ДДВ)
6	**Дозволено пречекорување на платежна сметка**	
	Еднократен надоместок за промена на износ и/или рок на дозволено пречекорување	200 денари
	Годишен надоместок за обнова на дозволено пречекорување	200 денари
	Еднократен надоместок за одобрување на дозволено пречекорување	200 денари

Плаќања во земјата		
Д. Платежни трансакции во Филијалите/експозитурите на Банката за физички лица		
Бр на тарифна ставка	**Вид на услуги**	**Редовна тарифа**
1	**Внесување/ повлекување готовина**	
	Внесување готовина на сопствена платежна сметка	Без надоместок
	Внесување на ковани пари на платежна сметка	
	**за износ на кованици до 5.000 МКД*	Без надоместок
	**за износ на кованици над 5.000 МКД*	1,00% од износот
	Повлекување готовина од платежна сметка	30 денари од налог
	Замена на оштетени ефективни средства (денарски и девизни)	5,00% од износот или мин. 50 МКД *провизијата за девизни средства се наплаќа во денари по среден курс на НБРСМ
	Замена или примање на стари банкноти швајцарски франци (CHF) - осма серија	3,00% од износот *провизијата се наплаќа во денари по среден курс на НБРСМ
	Замена или примање на стари оштетени банкноти швајцарски франци (CHF) - осма серија	4,00% од износот *провизијата се наплаќа во денари по среден курс на НБРСМ
1.1	**Парични дознаки (случајни минувачи)**	
	Извршени помеѓу платежни сметки кај ист давател на платежни услуги (во Банката)	50 денари по налог
	Извршени во корист на платежната сметка на Халкбанк АД	30 денари по налог
	Трансакции во корист на правни лица со кои Банката има склучено договори за вршење на услуга за наплата на сметки	Без надоместок (на терет на правното лице по договор)
	Извршени кон платежна сметка кај друг давател на платежна услуга преку КИБС	
	Парични дознаки кон буџетски корисник	
	до 1.000 денари	35 денари по налог
	од 1.001 до 5.000 денари	45 денари по налог
	од 5.001 до 15.000 денари	150 денари по налог
	над 15.001 денари	225 денари по налог
	Парични дознаки извршени кон платежна сметка кај друг давател на платежна услуга	
	до 5.000 денари	80 денари по налог
